ЗАПИСНИК
од 1-та седница на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија при ЗЕЛС
Скопје, 11 јули, 2024 г.

Присутни: Бобан Стефковски, градоначалник на Општина Гази Баба, Ридван Ибраими, градоначалник на Општина Арачиново, Горан Трајковски, градоначалник на Општина Делчево, Борче Јовчески, градоначалник на Општина Прилеп, Горан Герасимовски, градоначалник на Општина Центар, Вишна Шорова Ангелова, секретар на општина Штип и Тодор Ефремов, и секретар на општина Кавадарци

Отсутни: Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово, Марко Колев, градоначалник на Општина Велес и Билал Касами, градоначалник на Општина Тетово

Седницата на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија го имаше следниов дневен ред:

ДНЕВЕН РЕД

1. **Конституирање на членство и согласност за учество во работата на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија**

2. **Избор на Претседател и заменик претседател на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија;**

3. **Разгледување и усвојување на деловник за работа на Комисијата**

4. **Информирање за активности на ЗЕЛС во областа и дефинирање на следни чекори во насока на лобирање за продолжување на процесот на децентрализација во социјалната заштита;**

5. **Разно.**

Откако се утврди дека има кворум за работа на првата конститутивна седница на Комисијата за социјална заштита и социјална интеграција која се формира за првпат во ЗЕЛС, извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, која согласно Деловник за работа на Комисијата, до изборот на претседател ја водеше седницата, даде краток осврт на целта за формирање на комисијата и следни чекори кои треба да ги преземе ова тело. Таа ја објасни важната улога која ќе ја има Комисијата за социјална заштита и социјална интеграција во однос на продолжување и продлабочување на процесот на децентрализација во социјална сфера при лобирањето и застапувањето на интересите на општините пред централните власти. Членовите се согласија и дискутираа за неопходноста од сериозно продлабочување на децентрализацијата во областа на социјалната заштита и грижата на населението во социјален ризик, со што би се преземале и сегашните регионални центри за социјална работа да бидат управувани од општините. Присутните беа запознаени од директорката Перишиќ за активностите од проектот ,, Регионална соработка за подобра социјална инклузија“, што го

спроведува ЗЕЛС во соработка со НАЛАС, а со поддршка на ГИЗ дека е ангажиран експерт кој во периодот најдоцна до октомври оваа година треба да изготви анализа за состојбите во оваа област во општините и во целата земја и степенот на децентрализација во областа на социјална заштита и социјална интеграција. Во рамките на проектот ќе биде изготвена и споредбена студија со насоки и примери од земјите од регионот за спроведување на процесот на децентрализација на социјалната заштита со фокус на работата на Центрите за социјална заштита. Овие два документа ќе бидат разгледани од Комисијата, како и од други органи на ЗЕЛС и ќе служат како основа за лобирање пред централната власт за што поскоро префрлање на надлежностите од социјалната заштита на локално ниво и зголемување на видот на услугите во оваа област.

Понатаму, согласно дневниот ред се избра и претседател и потпретседател на Комисијата, при што за претседател едногласно беше избран Бобан Стефковски, градоначалник на Општина Гази Баба, а за негов заменик, членовите на ова тело го избраа Горан Трајковски, градоначалник на Општина Делчево.
По изборот на претседател со Комисијата продолжи да заседава градоначалникот Стефковски кој на гласање го стави Деловникот за работа на Комисијата, кој беше испратен по електронска пошта со сите членови, а присутните се согласија со содржината на истиот и беше усвоен за работа на Комисијата.

За четвртата точка од дневниот ред веќе информираше директорката на почетокот на седницата, по што се отвори дискусија во точка разно.

Сите членови на ова тело се согласија дека локалната власт е најблиска до граѓаните кои секогаш за овие потреби се обраќаат во општината, што е најважната причина зошто оваа надлежност треба да биде децентрализирана. Беше нагласено дека работата на центрите за социјална работа е недефинирана, односно најчесто тие служат за исплаќање на социјалната помош, па незадоволството од нивната работа населението неосновано го насочува кон општината, само затоа што најголемиот број од овие центри се лоцирани во општинските објекти. Беше нагласено дека не смее да се дозволи, како досега, овие важни прашања за населението да се спроведуваат во најголем процент со поддршка на странски проекти и да не се застапени подеднакво за сите граѓани во земјата. Исто така, не би требало општините и понатаму да се ставени настрана, како ,,неми,, небљудувачи или про- форма во спроведувањето на социјалните услуги од страна на невладини организации. Општината најдобро знае што им е потребно на граѓаните од оваа област и треба да и се даде доверба тоа да го покаже на дело.На седницата беа изнесени и бројни позитивни примери на општини кои реализираат социјални услуги, иако за тоа немаат законска надлежност, ниту добиваат финансиски средства за тоа од централната власт, но ја детектирале неопходната потреба од нив за населението. Такви примери има во повеќе општини, меѓу кои во општините Гази Баба, Делчево, Центар и други. Беше нагласено дека тие се позитивно прифатени од населението и треба да бидат реализирани и во другите единици на локална самоуправа. Присутните посочија дека активностите на оваа Комисија треба да одат во правец на прецизно дефинирање на потребите на населението, на видовите услуги за социјална заштита и нивно законско дефинирање, но и обезбедување на соодветни финансиски средства за нивно континуирано спроведување. При тоа беше нагласена и потребата за вклучување на сите засегнати страни во утврдувањето на ингеренциите, обезбедувањето на условите и услугите. Дел од нив може да се решаваат и на ново на одреден регион или со меѓу -општинска соработка, како што се старечките домови; ,,Шелтер центри" за згрижување на жртви од родово базирано насилство; капацитети за сместување на бездомни лица или народни кујни и слично, а дел да бидат ингеренции што треба да е спроведуваат од страна на секоја општина.

Присутните изнесоа и примери на злоупотреби, односно забележано е дека на лица кои добиваат социјална помош кога им е понудена постојана работа, истата ја одбиле , а како причина навеле дека со тоа ќе ја изгубат социјалната помош, како и другите финансиски поддршки што ги добиваат од државата. Беа посочени и лицата питачи, кои фрлаат непријатна слика за општината и за земјата. Тоа е неприфатливо и затоа локалната власт, како најблиска до населението, треба да ги има ингеренциите на спроведување на оваа надлежност во што побрз период.

По исцрпување на дневниот ред, претседателот Стефковски ја затвори седницата со најава дека следната ќе се организира по завршување на летните годишни одмори, во септември кога треба да биде и драфт-верзијата од Анализата за состојбата со децентрализација кај нас и состојбите во социјалната заштита.

Скопје, 11 јули, 2024 година

Комисија за социјална заштита и

социјална интеграција при ЗЕЛС

Претседател

Бобан Стефковски